РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2726/2
09-11-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2726/1 од 01.09.2026 година, со наводи за сомневање за неправилности и селективно постапување од страна на ---------- -- ---------- ---------- -- --------- при исплата на обврски кон добавувачи кои испорачуваат стоки до Јавните здравствени установи на територијата на РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-2726/1 од 01.09.2026 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 01.09.2026 година, поднесена е пријава против работодавачот ---------- -- ---------- ---------- --- ---------, при што оформен е предмет број 12-2726/1 од 01.09.2026 година

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за неправилности и селективно постапување од страна на ---------- -- ---------- ---------- --- --------- при исплата на обврски кон добавувачи кои испорачуваат стоки до Јавните здравствени установи на територијата на РСМ. Се укажува и на пробивање на рокот за подмирување на обврските кон добавувачите на стоки и покрај потпишаните договори со кои ----- имале обрска за подмирување на истите во утврден рок од 30-60 дена. Во однос на утврдениот рок за подмирување на обврските се посочува дека постоела селективност и истиот не се почитувал а исплатата не била во согласност со утврдената валута во однос на исплатата на фактурите.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на предметните наводи и приложената документација, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува, за истите друг надлежен орган е да постапува.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник .
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р.И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.КШ член на ДКСК